# ПРОСПЕКТ
**ЗА ИЗДАВАЊЕ И ТРГУВАЊЕ**

**Република Македонија**
**Министерство за финансии**

# КОНТИНУИРАНА ДРЖАВНА ОБВРЗНИЦА БР.1

## Денари 100.010.000,00

Вкупниот износ на кој се издава континуираната државна обврзница бр.1 е 100.010.000,00 денари.

Државните обврзници се должнички хартии од вредност со рок на достасување од две календарски години од денот на издавање, кои ги издава Република Македонија со цел прибирање на парични средства.

Државните обврзници се издаваат во денари и се со неограничена преносливост.

Државните обврзници се издадени на 28.11.2005 година и носат ИСИН ознака MKMINF20G010.

Од 12.12.2005 година обврзниците се котираат на Македонската берза АД.

**Скопје, декември 2005 година**

## 1. ИЗДАВАЧ

Република Македонија, Министерство за финансии, Даме Груев 14, Скопје

## 2. ВИД НА ХАРТИЈАТА ОД ВРЕДНОСТ

2.1. Континуираната државна обврзница бр.1 е во износ од 100.010.000,00 денари.
2.2. Континуираната државна обврзница бр.1 се води како електронски запис во регистарот.

## 3. ОСНОВ ЗА ИЗДАВАЊЕ

Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 62/05 од 28.07.2005 година), Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.99/05 од 16.11.2005 година) и Одлука за издавање на државни обврзници во 2005 година (Службен весник на РМ бр.101/05 од 24.11.2005 година).

## 4. ВИД И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОНТИНУИРАНАТА ДРЖАВНА ОБВРЗНИЦА БР.1

Континуираната државна обврзница бр.1 се издаваа со цел за прибирање на парични средства заради премостување на временската неусогласеност меѓу приливот на приходи и извршувањето на расходите на Буџетот на Република Македонија за 2005 година и за финансирање на Буџетскиот дефицит.

## 5. НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ И ПРЕНОСЛИВОСТ

Континуираната државна обврзница бр.1 се издаваа во номинален износ од 100.010.000,00 денари и е неограничено пренослива.

## 6. ПРАВА ОД ОБВРЗНИЦИТЕ - ПРЕСМЕТКА И ИСПЛАТА НА КУПОНСКА КАМАТА И НОМИНАЛНАТА ВРЕДНОСТ

6.1. На континуираната државна обврзница бр.1 се пресметува купонска камата во висина од 10% годишно.

Купонот е еднаков за сите пресметковни периоди до достасување на континуираната државна обврзница бр.1 и се пресметува по формулата:

$$C = N \times \frac{c}{t}$$

Во случај кога периодот за кој се исплатува купонска камата е различен во однос на стандардниот период за пресметка на купононот ќе се применува следната формула:

$$C = N \times \frac{c}{t} \times \frac{A}{e}$$

C=купон во апсолутен износ
N=главница
c=годишна купонска камата (во %)
t=број на купони годишно
A=број на денови од почетокот на купонскиот период до денот на порамнување
e=број на денови во купонскиот период во кое се случува порамнувањето

6.2. Купонот се иплатува еднаш годишно во период од 2 години.
- Првата исплата на купонска камата ќе биде на 28 ноември 2006 година
- Втората исплата на купонска камата ќе биде на 28 ноември 2007 година

6.3. Пресметката на каматата на континуираната државна обврзница бр.1 започнува од денот на уписот во регистарот односно од 28.11.2005 година.

6.4. Номиналната вредност на континуираната државна обврзница бр.1 пристигнува за исплата по истекот на 2 години од издавањето т.е. на 28.11.2007 година.

## 7. ИСПЛАТА НА ОБВРСКИ

Средствата за исплата на обврските по номинална вредност и камата на континуираната државна обврзница бр.1 се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Македонија.

## 8. ПРЕДВРЕМЕН ОТКУП

Согласно Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 62/05 од 28.07.2005 година), Министерството за финансии има право во секое време да изврши откуп на континуираната државна обврзница бр.1 пред рокот на достасувањето преку јавна објава со покана за учество во предвремениот откуп.

## 9. ЗАПИШУВАЊЕ

Континуираната државна обврзница бр.1 е запишана и се води во регистарот под ИСИН ознака **MKMINF20G010**.

## 10. ТРГУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНИОТ ПАЗАР

### Македонската берза АД

10.1. По усвојувањето на барањето за котација на официјалниот пазар, со континуираната државна обврзница бр.1 ќе се тргува на секундарниот пазар на Македонската берза АД.

10.2. Со континуираната државна обврзница бр.1 можат да тргуваат домашни и странски физички и правни лица.

10.3. Тргувањето на континуираната државна обврзница бр.1 што котираа на Македонската берза АД се врши врз основа на пазарна цена. Плаќањето по извршеното купување на континуираната државна обврзница бр.1 на секундарниот пазар се врши по цената по која се тргувало на Берзата зголемена за стекнатата камата за периодот од последната исплата на каматата сé до денот на трансакцијата.

### Пазар преку шалтер

10.4 Откога ќе се изврши дополна на *Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер* со регулатувата за континуираните државни обврзници, исто така, ќе може да се врши тргување и на континуираната државна обврзница бр.1 и преку *Пазарот преку шалтер.*

## 11. ПОЧЕТОК НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИТЕ

Тргувањето со континуираната државна обврзница бр.1 започнува на **12.12.2005** година.

## 12. МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

Континуираната државна обврзница бр.1 се издава во Скопје на **28.11.2005 година**.

## 13. ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИТЕ СО ОБВРЗНИЦИТЕ

Порамнувањето на трансакциите со континуираната државна обврзница бр.1 се врши согласно со Законот за хартии од вредност.

## 14. ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

Побарувањата врз основ на континуиранатa државна обврзница бр.1 не застаруваат.

## 15. ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРОСПЕКТОТ

15.1. Проспектот се става на располагање на сите брокерски куќи членки на Македонската берза АД.

15.2. По одобрувањето, Проспектот ќе биде објавен барем во едно од дневните гласила во Република Македонија и на web страната на Министерството за финансии www.finance.gov.mk.

**МИНИСТЕР**
**М-р Никола Поповски**